СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 18/19

Излегува по потреба- 21.11-2019 година.Четврток-Бр.18, година XXIII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување
на План на Програми за Развој

.

1. Објавувам Одлука за одобрување на План на Програми за Развој, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/1 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на План на Програми за Развој

Член 1

СЕ ОДОБРУВА План на Програми за Развој бр.14-951/4 од 15.11.2019 година.

Составен дел на Одлуката е План на Програми за Развој бр.14-951/4 од 15.11.2019 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-952/4 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства за одбележување на Новата 2020 година, божиќните празници и богојавление-водици

1. Објавувам Одлука за одобрување на средства за одбележување на Новата 2020 година, божиќните празници и богојавление-водици, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/2 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

ОДЛУКА

за одобрување на средства за одбележување на
Новата 2020 година, божиќните празници и богојавление-водици

Член 1

СЕ ОДОБРУВАТ средства за одбележување на Новата 2020 година божиќните празници и богојавление-водици:

Новогодишна елка со украси,

Новогодишно украсување на општинскиот двор и центрите во населените места во општината

Календари, Стила и чакмаци,

Роковници, Новогодишни честитки

Новогодишни пакетчиња за децата до 15 години на вработените во општина Новаци и членовите на Советот

Новогодишни пакетчиња за учениците во ОУ „Славко Лумбарковски„ Новаци со подрачните училишта

Новогодишни пакетчиња за деца до 15 години од социјално загрозени фамилии

Новогодишни пакетчиња за деца од игротека Бамби-општина Новаци

лицата што ќе го фатат крстот за водици ќе добијат парична награда во износ од 8.000,00 денари(нето износ) за с.Новаци, а по 5.000,00 денари(нето износ) за другите села

изработка-печатење на рекламен матерјал

други печатарски услуги и друг рекламен матерјал.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци

Член 3

Набавката ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки на Општина Новаци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.14-952/5 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Измена на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2019 година

.

1. Објавувам Измена на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2019 година , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/3 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 106 став 3 од Законот за јавни патишта(„Службен весник на РМ бр.26/96 и член 21 став 1 точка 12 од Статутит на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година донесе

И З М Е Н А Н А П Р О Г Р А М А
За изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2019 година

I. Со оваа Програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за изградба, реконструкција и одржување на локалната патна мрежа (локални патишта и улици) на подрачјето на општина Новаци за 2019 година.

II. Средствата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци се утврдуваат како:

П Р И Х О Д И

1. Приходи од Агенција за државни патишта патишта..... 3.221.567,00 ден.

2.Приходи од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година ..... 2.102.825,00 ден.

Вкупно за локални патишта и улици 5.324.392,00 ден

Расходите се во висина на приходите и ќе се користат за следните намени;:

2.- Изградба ..... 3.024.392,00 денари

3.-Зимско одржување ..... 1.300.000,00 денари

4.Проектна документација 500.000,00 денари

5.Надзор..... ..... 500.000,00 денари

ВКУПНО : 5.324.392,00 ДЕНАРИ

И.ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2019год.

1. Изградба на локална улица во с.Долно Агларци Б=3,00м Л=150,00м

1.1Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз со Б=4,0м /м2/ 600,00 25,00 15.000,00

1.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=22 см /м3/ 132,00 1100,00 145.200,00

1.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см, Б=3,0м /м2/ 450,00 770,00 346.500,00

1.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50 см со д=6см /м3/ 9,00 1.100,00 9.900,00

ВКУПНО : 516.600,00

ДДВ 18% : 92.988,00

СЕ ВКУПНО: 609.588,00

2. Изградба на локална улица во с. Скочивир Б=3,00м Л=98,00м

2.1Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,0 м /м2/ 392,00 25,00 9.800,00

2.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=22см /м3/ 86,24 1100,00 94.864,00

2.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см. /м2/ 294,00 770,00 226.380,00

2.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см /м3/ 5,88 1100,00 6.468,00

ВКУПНО : 331.044,00

ДДВ 18% : 59.588,00

СЕ ВКУПНО: 390.632,00

3. Изградба на локална улица во с.Добровени Б=3,0м Л=100,00м

3.1Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,0 м /м2/ 400,00 25,00 10.000,00

3.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=22см /м3/ 88,00 1100,00 96.800,00

3.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см. /м2/ 300,00 770,00 231.000,00

3.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см /м3/ 6,00 1100,00 6.600,00

ВКУПНО : 337.800,00

ДДВ 18% : 50.804,00

СЕ ВКУПНО: 398.604,00

4. Изградба на локална улица во с. Бач Б=3,0м Л=100,00м

4.1Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,0 м /м2/ 0,00 25,00 0,00

4.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=22см /м3/ 0,00 1100,00 0,00

4.3.Набавка, транспорт и вградување

Асфалт БНХС 16 д=6см. /м2/ 0,00 770,00 0,00

4.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см /м3/ 0,00 1100,00 0,00

ВКУПНО : 0,00

ДДВ 18% : 0,00

СЕ ВКУПНО: 0,00

5. Изградба на локална улица во с. Брод Б=3,0м Л=200,00м

5.1 Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м /м2/ 800,00 25,00 20.000,00

5.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=22см /м3/ 176,00 1100,00 193.600,00

5.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см. /м2/ 600,00 770,00 462.000,00

5.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см /м3/ 12,00 1.100,00 13.200,00

ВКУПНО : 688.800,00

ДДВ 18% : 130.464,00

СЕ ВКУПНО: 812.784,00

6. Изградба на локална улица во с. Гнеотино Б=3,0м Л=100,00м

6.1Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м /м2/ 400,00 25,00 10.000,00

6.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=22см /м3/ 88,00 1100,00 96.800,00

6.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см. /м2/ 300,00 770,00 231.000,00

6.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см /м3/ 6,00 1100,00 6.600,00

ВКУПНО : 344.400,00

ДДВ 18% : 61.992,00

СЕ ВКУПНО: 406.392,00

7. Изградба на локална улица во с. Суводол Б=3,0м Л=100,00м

7.1Планирање и валирање на постоечки тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м /м2/ 400,00 25,00 10.000,00

7.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=22см /м3/ 88,00 1100,00 96.800,00

7.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см. /м2/ 300,00 770,00 231.000,00

7.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см /м3/ 6,00 1.100,00 6.600,00

ВКУПНО : 344.400,00

ДДВ 18% : 61.992,00

СЕ ВКУПНО: 406.392,00

8. Изградба на локална улица во с. Новаци Б=3,0м Л=50,00м

8.1 Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м /м2/ 0,00 25,00 0,00

8.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=22см /м3/ 0,00 1100,00 0,00

8.3.Набавка, транспорт и вградување

Асфалт БНХС 16 д=6см. /м2/ 0,00 770,00 0,00

8.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см /м3/ 0,00 1.100,00 0,00

ВКУПНО : 0,00

ДДВ 18% : 0,00

СЕ ВКУПНО: 0,00

РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2019 ГОД

1. **Изградба на локална улица во с. Д. Агларци 609.588,00**
2. **Изградба на локална улица во с. Скочивир 390.632,00**
3. **Изградба на локална Улица. Во с.Добровени 398.604,00**
4. **Изградба на локална улица во с. Бач 0,00**
5. **Изградба на локална улица во с. Брод. 812.784,00**
6. **Изградба на локална улица во с. Гнеотино 406.392,00**
7. **Изградба на локална улица во с.Суводол 406.392,00**
8. **Изградба на локална улица во с.Новаци . . . . . 0 ,00**

СЕ ВКУПНО : 3.024.392,00

Одделни позиции предвидени во ова Програма мжат да претрпат измени најмногу до 20% од планираното поради употреба на изведувањето на непходни дополнителни работи и довршување на конкретна ситуација

Член 2

Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2019 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Новаци.

Бр.14-952/6 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Злате Стојановски с.Бач

.

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Злате Стојановски с.Бач, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/4 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Злате Стојановски с.Бач

Член 1

На Злате Стојановски с.Бач, му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари-бруто износ, за социјална помош.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име:Злате Стојановски,
На Трансакциона сметка:500800002876522
ЕМБ:
Депонент Стопанска Банка АД Битола

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-952/7 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Панде Тошевски с.Новаци

.

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Панде Тошевски с.Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/5 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Панде Тошевски с.Новаци

Член 1

На Панде Тошевски с.Новаци, му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари-бруто износ, за трошоци за лекување

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Панде Тошевски с.Новаци,
На Трансакциона сметка:290500018014284
ЕМБ:
Депонент ТТК Банка

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-952/8 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за потребите на Црковен одбор на с.Градешница за манастирот Св.Архангел Михаил мв Церова

.

1. Објавувам Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за потребите на Црковен одбор на с.Градешница за манастирот Св.Архангел Михаил мв Церова, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/6
20.11.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување набавка на градежни материјали за потребите
на Црковен одбор на с.Градешница за манастирот Св.Архангел Михаил мв Церова

Член 1

СЕ ОДОБРУВА набавка на градежни материјали во износ од **10.000,00 денари**, за потребите на Црковен одбор на с.Градешница, за манастирот Св.Архангел Михаил мв Церова

Составен дел на Одлуката е Барањето бр.03-456/5 од 08.11.2019 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-952/9
18.11.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Душан Стојановски с.Далбеговци

.

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Душан Стојановски с.Далбеговци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/7 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Душан Стојановски с.Далбеговци

Член 1

На Душан Стојановски с.Далбеговци, му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари-бруто износ, за погребални трошоци на неговиот татко-Лазар.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Душан Стојановски,
На Трансакциона сметка:
ЕМБ:
Депонент Стопанска Банка АД Битола

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-952/10 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на садници за пошумување во селата во општина Новаци

.

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на садници за пошумување во селата во општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/8 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за набавка на садници
за пошумување во селата во општина Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства во износ до **60.000,00 денари** за набавка на садници, за пошумување во селата во општина Новаци

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Садниците да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-952/11 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски
==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Сашо Николовски с.Новаци

.

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Сашо Николовски с.Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/9 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Сашо Николовски с.Новаци

Член 1

На Сашо Николовски с.Новаци, му се доделува еднократна парична помош во износ од **6.000,00** денари-**нето** износ, за трошоци за лекување.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Сашо Николовски,

На Трансакциона сметка:500800016170760

ЕМБ:

Депонент Стопанска Банка ад Битола

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-952/12 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за не усвојување на предлогот на Комисија за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци и отпочнување на нова постапка за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци

.

1. Објавувам Одлука за не усвојување на предлогот на Комисија за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци и отпочнување на нова постапка за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/10 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94, член 21 став 1 точка 49, и член 162 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за не усвојување на предлогот на Комисија за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци и отпочнување на нова постапка за утврдување на
грбот и знамето на општина Новаци

Член 1

НЕ СЕ УСВОЈУВА предлогот на Комисија за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци.

Се овластува градоначалникот да ја поништи постапката по објавениот конкурс за утврдување предлог за грб, односно знаме на општината.

СЕ ОТПОЧНУВА НОВА ПОСТАПКА за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци.

Член 2

Новата Постапката за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци ќе ја спроведе Комисија за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци, формирана од Советот на општина Новаци.

Член 3

Комисијата повторно ќе распиши конкурс и од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на општината, и го доставува до Советот на општината на усвојување.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-952/13 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Измена на Годишниот план за јавни набавки
на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** - 2019

.

1. Објавувам Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** -2019, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/11
20.11.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), а во согласност со член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002) и член 94 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 18.11.2019 година, донесе:

ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
2019 ГОДИНА НОЕМВРИ-2019

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** -2019:

I	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки**	Шифра	Период на изведба	Проценета вредност без ДДВ	Вид на постапка
1.	Набавка на новогодишни пакетчиња		Декември	120.000,00	Набавка од мала вредност

Член 2

Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** -2019, влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Измена на Годишниот план за јавни набавки
на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** - 2019

.

1. Објавувам Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** -2019, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/12
20.11.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), а во согласност со член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002) и член 94 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.07/2019), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 18.11.2019 година, донесе:

ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
2019 ГОДИНА НОЕМВРИ-2019

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** -2019:

I	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи**	Шифра	Период на изведба	Проценета вредност без ДДВ	Вид на постапка
1.	Реконструкција на секундарна фекална канализациона мрежа во с.Новаци		Ноември	1.500.000,00	Поедноставена отворена постапка

Член 2

Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** -2019, влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства (спонзорство) на Карате Клуб „ЗАНШИН ДОО„Битола

.

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства (спонзорство) на Карате Клуб „ЗАНШИН ДОО„Битола, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 18.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-961/13 ОпштинаНоваци
20.11.2019 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 18.11.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства (спонзорство)
на Карате Клуб „ЗАНШИН ДОО„Битола

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства(спонзорство) во износ од **24.000,00 денари,** на Карате Клуб „ЗАНШИН ДОО„Битола , за учество на меѓународен турнир во Скопје .

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

За искористените средства да се достави Извештај.

Член 4

Сретствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат на име Карате Клуб „ЗАНШИН-ДО„-Битола , со жиро сметка:240 150 100 063 524, при УНИ Банка .

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување иќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-952/16 Совет на општина Новаци
18.11.2019 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Република Македонија
Општина Новаци
бр. 07-623/19
08.11.2019 година
Новаци

Согласно член 40 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство(Службен Весник на РМ број 6/12,144/14,33/15,104/15 и 215/15), Уредбата за содржината на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство и договорот за концесија на добра од општ интерес на Владата на република Македонија (Службен Весник на РМ број 44/12), член 24 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ број 5/02), како и врз основа Одлуката за прифаќање на физибилити студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци бр.08-253/12 од 29.01.2019 година, Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци бр.08-550/4 од од 19.02.2019 година(Службен Гласник на општина Новаци број 1/19) и Одлуката за избор на најповолен понудувач од страна на Советот на општина Новаци бр14-890/10 од 29.10.2019 (Службен Гласник на општина Новаци број 16/2019), се склучува следниот:

ДОГОВОР

За воспоставување на јавно приватно парнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во
општина Новаци

Склучен на ден **08.11.2019 година,** во Новаци ,помеѓу:

1. **Општина Новаци,** со седиште на адреса ул.„1-прва“ бб, Новаци, преставувана од градоначалникот **Љубе Кузманоски** (во натамошниот текст „Јавен партнер“), и

2. **Џемдаг Ајдинлатма Санаи Ве Тиџарет Аноним Ширкети,АД**- со седиште на ул.4 Чигли 35620 Измир од Република Турција со ЕМБС:63228 К-9378 , жиросметка број : 270071120760145 депонент на Халк Банка АД Скопје (сметката е на понудувачот Џемдаг ИНТ ДООЕЛ Ресен -согласно договор за групна понуда меѓу тројцата партнери фактурата ќе ја издава Џемдаг ИНТ ДООЕЛ Ресен) , застапувано и претставувано од одговорното лице : **Ибрахим Суха Џем** (Во натамошниот текст „Приватен партнер“)

I.ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Јавниот партнер донесе Одлуката за усвојување на физибилити студија за оправданост од воспоставување на договор за јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци број бр.8/2019), Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци (Службен Гласник на општина Новаци број 8/19), по објавениот Јавен повик спроведе постапка, за избор на најповолен понудувач (приватен партнер) и донесена е Одлука за избор приватен партнер од Совет на општина Новаци бр 14-890/10 од 29.10.2019 (Службен Гласник на општина Новаци број 16/2019).

1. ДЕФИНИЦИИ НА ПОИМИТЕ

1. "Јавно привано партнерство,, има значење како што е опишано по Член 5 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен Весник на Република Македонија„ бр. 06/2012);

2. "Постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство„ е постапка што ја спроведува Јавниот партнер, согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија„ бр. 06/2012);

3. "Јавен партнер„ е правно лице кое доделува договор за воспоставување на јавно приватно партнерство. Јавен партнер на овој Договор е Општина Новаци.

4. "Приватен партнер„ е **Џемдаг Ајдинлатма Санаи Ве Тиџарет Аноним Ширкети** кое правно лице согласно Одлуката на Советот на општина Новаци , е избрано за најповолен понудувач односно за приватен партнер. Приватниот партнер треба да ја исполни целта на овој договор, како и да се грижи за „Модернизација", Финансирање, „Развој (Проширување)" и „Одржување" на системот на јавно осветлување под условите во техничката документација и овој Договор.

5. "Писмено или во писмена форма„ е секој израз кој се состои од зборови или бројки кои можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат во хартиена форма, како и информации кои се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува.
6. "Комунална такса за јавно осветлување"претставува јавна давачка која што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните, а се однесува на користење и одржување на јавното осветлување, како што е предвидено со Законот за комунални такси и останатите законски прописи, и прописите и актите на Општина Новаци, како единица на локалната самоуправа -Јавен партнер.
7. "Стандарди за квалитет на јавно осветлување"-претставуваат збир на мерки, активности и стандарди со кои се определува минималниот квалитет на јавното осветлување.
8. "Модернизација" на јавно осветлување значи збир на мерки и активности за замена на постојниот систем на јавно осветлување, односно на постојните светилки со ЛЕД енергетско ефикасни светилки, под условите наведени во овој договор и техничката документација со цел да се добие:

- Заштеда на електрична енергија,
- Подигање на енергетската ефикасност,
- Подигање на еколошките стандарди,
- Подигање на еколошката свест во Општина Новаци и
- Подигање на квалитетот на живеење на граѓаните со подобрување на јавното осветлување,

Додека, со реализација на ЈПП проектот за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Новаци, како резултат се очекува:

- Зголемување на ефикасноста во давањето на услугите кон граѓаните во делот на јавното осветлување,
- Намалување на трошоците за одржување на јавно осветлување,
- Обезбедување на средства за нови инвестиции со заштедата на електричната енергија и трошоците за истата,
- Управување и модернизација на систем на јавно осветлување на територијата на цела општина,
- Добро и ефикасно одржување на системот на јавно осветлување од страна на

приватен партнер, како и

- Да се идентификува губитокот на електрична енергија предизвикан од објективни, но и од субјективни причини (евентуално нелегално приклучување на линиите од уличното осветлување).

9. "Проширување" на системот на јавно осветлување, значи збир на мерки и активности со цел да се прошири опфатот на постојното јавно осветлување со цел истото да се протега на поголем број на локации, под истите стандарди под условите наведени во овој договор и техничката документација.
10. "Одржување" на системот на јавно осветлување во себе ги вклучува сите мерки и активности за нормално функционирање на системот онака како што тој е определен да функционира со техничката спецификација, а со цел истиот да ја задоволи целта која е дефинирана во овој договор, и во рамките на гарантираната заштеда на електрична енергија.
11. "Налог"е документ во кој се специфицираат задачите кои треба да ги изврши приватниот партнер, а кои се зададени од јавниот партнер во фаза на имплементација на проектот и во оперативна фаза на проектот при отстранување на дефекти и слично.
12. DBFO (Design, Build, Finance, Operate, Transfer) (Дизајнирај, Изгради, Финансирај, Оперирај, Пренеси) е моделот според кој согласно Физибилити Студијата и Одлуката на Советот на Општина Новаци е избран Приватниот партнер и врз основа на која одлука се склучува овој договор. Тоа значи дека целокупните обврски за проектирање, изградба и изведба, финансирање и одржување односно оперирање на системот се на страната на Приватниот партнер, за времетраењето на договорот, а согласно условите во овој договор.
13. ЈПП проект го означува предметот на Договорот за Јавно-Приватно Партнерство.
14. ЈПП надоместок е месечниот износ на средства кој Јавниот партнер (општината) ќе му го плаќа на Приватниот партнер за вртеметраење на Договорт за ЈПП.
15. Функционални светилки се мисли на светилка која е во фунција која троши електрична енергија, свети со интензитет и ги задоволува сите параметри од сертификатот со кој е задоволен соодветниот стандрад.
16. Нумерирање на столбовите претставува обележување на столбовите со комбинација на букви и бројки согласно категоризацијата на улицата, матерјалот на столбот, локацијата и слични карактеристики.
17. Развој на системот подразбира проширување на јавното осветлување со нови светилки и ормарчиња поставени од приватниот партнер на изградена мрежа и столбови од страна на Јавниот партнер.
18. Конзорциум претставува група економски оператори со потпишан договор за конзорциум

II. ЦЕЛ И ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

(1) Целта на договорот за ЈПП е преку реализација на предметот на ЈПП да се постигне:

-Зголемување на квалитетот и квантитетот на осветленост на цела територија на Општината,
-Намалување на трошоци и заштеда на електрична енергија,
-Намалување на трошоци за одржување на системот за јавно осветлување,
-Зголемување на безбедноста и квалитетот на живеење на граѓаните,
-Намалување на CO2 во атмосферата,
-Зголемување на ефикасноста и брзината на отстранување на дефекти во системот при известувања од страна на граѓаните, како и
-Добро и ефикасно одржување на системот на јавно осветлување од страна на приватен партнер,

-Идентификување на губитокот на електрична енергија предизвикан од објективни, но и од субјективни причини (евентуално нелегално приклучување на линиите од уличното осветлување), како и
-Искористување на средства за нови инвестиции од заштедата на електричната енергија добиена од намалување на трошоците за истата.

Член 2

(2) Предмет на договорот е воспоставување на ЈПП помеѓу Јавниот и Приватниот партнер за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци согласно моделот DBFOT (Дизајнирај, Изгради, Финансирај, Оперирај, Пренеси), кој опфаќа:

- Замена на постојните 1.083 светилки во 3 (три) месеци од потпишување на договорот за ЈПП, со енергетски ефикасни ЛЕД SMART READY арматури(со исклучок на светилките до 20 W 604 парчиња) од 5 типа на светлосни арматури со моќност опишана во техничката спеацификација,
- Поставување на дополнителни 325 светлосни со енергетски ефикасни ЛЕД SMART READY арматури(со исклучок на светилките до 20 W 181 парчиња) арматури со моќност опишана во техничката спеацификација на трошок на приватниот партнер на столбови поставени од општината во оперативниот период на важност на договорот за ЈПП согласно планот за развој на општината,
- Проектирање (дизајнирање) при спроведување на развојните годишни програми за јавно осветлување, кои не се во опфатот во сегашниот систем за јавно осветлување, а ќе бидат составен дел од одржувањето со проширување на мрежата од страна на јавниот партнер при реализација на годишните програми, и
- Воспоставување на систем 72 часа и call центар, како и одржување на светиликите што подразбира целосна ефективност и функционалност на светилките за целиот оперативен период на важност на договорот за ЈПП.

Детален опис на предметот на договорот за ЈПП е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерската документација.

1.3.3 Предметот на договорот е неделив. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

- останати елементи дадени со детален опис во техничките спецификации во тендерската документација која е составен дел на овој договор за ЈПП.

IV.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ И НАДОМЕСТОК ЗА ЈПП

Член 3

Вредноста на договорот за ЈПП за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци изнесува **38.588.760,00** без ДДВ,**6.945.976,80** износ на ДДВ или вкупно **45.534.737,00 денари**

Надоместокот кој ќе го исплаќа општина Новаци на приватниот партнер на месечно ниво за извршување на предметот на договорот за ЈПП изнесува **214.382,00** денари без ДДВ, **38.588,76** износ на ДДВ или вкупно **252.971,оо денари**

V.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈПП, НАЧИНОТ И УСЛОВИ ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Член 4

(1) Договорот за воспоставување јавно приватно партнерство се склучува за временски период од 15 години, започнувајќи од **08.11.2019** година завршувајќи заклучно со датум **08.11.2034** година.

(2) Приватниот партнер ќе започне оперативни активности од денот на воведувањето во работа на Приватниот партнер, односно по добивање на налог за отпочнување со работа од страна на надлежните служби на Општината.

(3) Услов за исплата на месечниот надоместок за време на траење на договорт за ЈПП е со доставување на фактура и месечен извештај од страна приватниот партнер кој е изработен на основа на сите налози за тој месец, кој извештај е потпишан од страна на надлежните служби на Општината.

(4) Вкупниот број на надоместоци за ЈПП е 180 и ќе започне по првиот месец од потпишување на договорот за ЈПП со исполнување на условот од став 3 на овој член, а завршува со датумот на завршување на договорт за ЈПП утврден во став 1 од овој член.

VI. УСЛОВИ И НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

Услови за изведување на работите кои се предмет на ЈПП

Член 5

(1) Условите за изведувањето на работите за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци се предвидени во тендерската документација, прифатената понуда, проектната документација и динамичкиот план на реализација на промената на светилките, кои се составен дел на овој договор за ЈПП.

(2) Услов за реализација на проектот во фаза на замена на постојни светилки е да се изработи динамички план со техничка спецификација на светилки и опрема и да се достави на одобрување на јавниот партнер.

(3) Услов во оперативната фаза подразбира одржување на системот за јавно осветлување, што представува целосна функционалност на светилките, електричната опремата.

(4) Услов за развојната фаза од страна на приватниот партнер е потребно да се изработи основен проект со ревизија за проширување на постојниот систем за јавно осветлување (ново улично осветлување), со обврска да постави светилка со арматура на новите столбови, по претходно издаден налог во кој е утврдена локацијата за проектирање од страна на општината.

(5) Услов е при утврдување на спецификацијата приватниот партнер треба да обезбеди максимална инсталирана снага од ххх kW со што ќе се обезбеди минимална заштеда на потрошок на електрична енергија од јавното осветлување од 45 %

пресметано како сооднос на трошок на електрична енергија на постојниот систем на улично осветлување земено за годината пред и годината после извршување на работите за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци.

Опис на работите кои се предмет на ЈПП

Модернизацијата, реконструкцијата и одржувањето на системот на јавно осветлување, односно предметот на Договор за ЈПП се одвива онака како што е пропишано во тендерската документација и особено опфаќа:

- Изработка на техничка документација (основен проект) и оперативен план (динамика) за имплементација на предметот на договорот и истиот да го достави на одобрување на Јавниот партнер
- Приватниот партнер да обезбеди на свој трошок надзорен инженер пред почетокот на фазата на имплементација
- демонтажа на постојните, стари светлински арматури, превоз и складирање на истите во магацин обезбеден од Јавниот партнер,
- набавка, транспорт, монтажа и поврзување на комплетните нови LED светлински арматури на постојните столбови согласно техничката, односно тендерската документација,
- монтажа на светилка и поврзување на новите светилки на постојните столбови, набавка и вградување на соодветна конзола (која треба да ја набави, транспортира и монтира изведувачот) за монтажа и поврзување на светлинската арматура на дрвен, бетонски или метален столб, приклучок на напојниот вод со кабел PPY 3x1.5мм² со просечна должина од 4,5м и испитување на изведените работи,
- Обележување (нумерирање) на столбовите со комбинација на букви и бројки согласно категоризацијата на улицата, материјалот на столбот, локацијата и слични карактеристики
- воведување на управување на системот,
- одржување на ЛЕД светлинските арматури во периодот на времетраење на договорот,
- одржување на системот во кој влегуваат сите елементи кои што се инсталирани од страна на Приватниот партнер согласно овој договор (светилки, ормарчиња и друга опрема), додека од страна на јавниот партнер ќе се инсталираат сите останати елементи од системот за јавно осветлување (напојни водови, столбови и друга инсталација и опрема),
- да изработува основени проекти со ревизија за проширување на постојниот систем за јавно осветлување (ново улично осветлување), со обврска да постави светилка со арматура на новите столбови, по претходно издаден налог во кој е утврдена локацијата за проектирање од страна на општината.
- Да доставува редовни месечни извештаи за потрошувачката на електрична енергија за секој извод на напојување, број на фунционални светилки, број на нефункционални светилки и извршени интервенции
- Да врши идентификација на неовластено користење (кражба) на електричната енергија преку инсталираниот систем за управување и мониторинг
- светилките и останатата опрема по завршувањето на периодот на ЈПП, односно траење на овој договор му се предава во сопственост на Јавниот партнер.

Одобренија, дозволи и согласности
Член 7

(1) Соодветни одобренија и/или дозволи кои ги издава Јавниот партнер и се потребни заради остварување на целта на овој договор и исполнување на правата и обврските, ќе бидат издадени на име на Јавниот партнер и ако е потребно на име на Приватниот партнер, доколку за тоа се исполнети законските услови.

(2) Во случај на потреба јавниот партнер ќе ги издава соодветните одобренија и/или дозволи без непотребно одлагање, односно во рамките на законските рокови, но доколку се исполнети законските услови. Доколку дојде до одредени надминувања на роковите како резултат на времето потребно за издавање на овие одобренија и/или дозволи одговорноста ги сноси Јавниот партнер, при што истите ќе бидат продолжени.

(3) За останати одобренија односно дозволи кои ги издаваат останати државни органи или други правни лица, како и за роковите во кои ваквите одобренија и/или дозволи треба да се добијат, Јавниот партнер не одговара и ризикот за нивно обезбедување и последиците по роковите ги сноси Приватниот партнер.

(4) Независно од фактот на која договорна страна гласи определено одобрение, Приватниот партнер не се стекнува со правото на сопственост на ниту еден дел на мрежата за јавно осветлување, независно дали изградил, модернизирал или на друг начин располагал односно истата ја користел, односно сопственоста е на Јавниот партнер.

Динамички план на опфатот на ЈПП проектот
Член 8

(1) - Замена на постојните 1.083 светилки во 3 (три) месеци од потпишување на договорот за ЈПП, со енергетски ефикасни ЛЕД SMART READY арматури(со исклучок на светилките до 20 W 604 парчиња) од 5 типа на светлосни арматури со моќност опишана во техничката спеацификација,

(2) - Поставување на дополнителни 325 светлосни со енергетски ефикасни ЛЕД SMART READY арматури(со исклучок на светилките до 20 W 181 парчиња) арматури со моќност опишана во техничката спеацификација на трошок на приватниот партнер на столбови поставени од општината во оперативниот период на важност на договорот за ЈПП согласно планот за развој на општината,

(3) - Проектирање (дизајнирање) при спроведување на развојните годишни програми за јавно осветлување, кои не се во опфатот во сегашниот систем за јавно осветлување, а ќе бидат составен дел од одржувањето со проширување на мрежата од страна на јавниот партнер при реализација на годишните програми, и

(4) - Воспоставување на систем 72 часа и call центар, како и одржување на светиликите што подразбира целосна ефективност и функционалност на светилките за целиот оперативен период на важност на договорот за ЈПП.

Член 9

(1) Приватниот партнер е должен преку тековно и инвестиционо одржување да го сочува основното барање на овој договор односно неговиот предмет, во согласност со проектот за употреба и одржување, односно да обезбеди одржување кое е во согласност со барањето во тендерската документација и потребите на Јавниот партнер односно јавниот интерес и духот на овој договор.

(2) Приватниот партнер е должен кон одржувањето да се однесува со внимание на

добар домаќин и стопанственик. Одржувањето мора да биде постојано, континуирано, квалитетно и да биде вршено без одлагање.

(3) Дозволено отстапување (толеранција) на % на нефункционални светилки е 1% од вкупниот број на инсталирани светилки.

(4) Приватниот партнер е единствено надлежен и одговорен за одржувањето на системот на јавно осветлување за времетраењето на периодот за кој е склучен овој договор за ЈПП.

(5) Одржувањето во себе особено ги вклучува сите мерки и активности за нормално функционирање на системот онака како што тој е определен да функционира со техничката спецификација во рамките на гарантираната заштеда на електрична енергија и инсталирана снага.

(6) Одржувањето се одвива онака како што е предвидено со овој договор за ЈПП и останатите документи кои се составен дел на овој договор, и тоа врз начелата на квалитет, навременост, континуираност и 24 часовна достапност при одржувањето.

(7) Јавниот партнер има право да му укажува на Приватниот партнер за начинот на одржувањето на системот, а Приватниот партнер има обврска да постапува според укажувањата на Јавниот партнер.

(8) Доколку одржувањето се спроведува ненавремено или спротивно од условите дефинирани во договорот, истото претставува основ за раскинување на овој договор. Јавниот партнер ќе определи дополнителен рок од 30 дена за отстранување на недостатоците на начинот на одржување, и доколку и по овој рок не се отстранат пропустите, јавниот партнер може едностранo да го раскине договорот.

Потрошувачка на електрична енергија и плаќање за потрошена електрична енергија

Член 10

(1) Приватниот партнер е единствено надлежен, за времетраењето на јавното приватно партнерство да го известува јавниот партнер за потрошувачката на електрична енергија и да идентификува можни злоупотреби – кражба на електрична енергија и за истата писмено да го информира Јавниот партнер.

(2) Јавниот партнер е единствено надлежен за плаќање на потрошената електрична енергија со средства од приход остварен од комунална такса за улично осветлување.

(3) Во периодот на важност на договорот за ЈПП, Јавниот партнер има обврска да ја плаќа потрошената електрична енергија согласно фактурите издадени од операторот кој ќе биде избран на огласот за јавна набавка на електрична енергија согласно спроведените постапки започнувајќи од 2019 година согласно Законот за енергетика

(4) Плаќањето на електричната енергија мора да биде навремено, целосно со цел да не се стави во прашање функционирањето на системот на јавно осветлување. Доколку дојде до нефункционирање на системот за јавно осветлување поради нередовно плаќање на електричната енргија, Приватниот партнер не сноси никаква одговорност ниту последици по основ на овој договор.

VII.ИЗМЕНИ НА УСЛОВИТЕ ВО ТЕКОТ НА ИЗВЕДБАТА

Член 11

(1) Измени на условите под кои Приватниот партнер ќе ја остварува целта на овој договор, односно ќе врши модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци во основа не се дозволени.
(2) Измени на договорот се можни само доколку се исполнети законските услови, односно во ситуации предвидени во тендерската документација.
(3) Секоја евентуална измена во текот на спроведување на предметот на ЈПП се започнува со доставување на барање од Приватниот партнер со писмено образложение за причините за потребата од измена на договорот и се пристапува единствено со писмена согласност од страна на јавниот партнер кој го разгледува барањето и дава или недава согласност во зависност од направена проценка на реална потреба од доставеното барање.

VIII.ИЗМЕНИ НА РОКОВИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ДОГОВОРОТ

Член 12

(1) Евентуалните измени на роковите предвидени во договорот ќе бидат можни само доколку на истите даде согласност Јавниот партнер (општината) и по предходно писмено барање за продолжување со образложение на причините поднесено од страна на Приватниот партнер.
(2) Јавниот партнер ќе дозволи измени на рокот само доколку за тоа постојат оправдани причини и само доколку таквите причини Приватниот партнер не можел да ги предвиди.

IX.РОКОВИ ЗА ИЗВЕДБА НА РАБОТИТЕ

Член 13

(1) Приватниот партнер е должен да отпочне со замена на ЛЕД светилките веднаш по добивањето на одобрување на динамичкиот план од страна на Јавниот партнер , според условите предвидени во член 8 став 1 алинеја 1.
(2) Рокот за извршување на работите во делот на промена на постојните светилки со нови ЛЕД светилки изнесува 3 месеци.
(3) Рок од 15 години Поставување на дополнителни 325 светлосни со енергетски ефикасни ЛЕД SMART READY арматури(со исклучок на светилките до 20 W 181 парчиња) арматури со моќност опишана во техничката спеацификација на трошок на приватниот партнер на столбови поставени од општината во оперативниот период на важност на договорот за ЈПП согласно планот за развој на општината,
(4) Рок од 15 години за одржување на светиликите што подразбира целосна функционалност на светилките за целиот оперативен период на важност на договорот за ЈПП,
(5) Роковите за реализација започнуваат да течат по доставување на согласност (писмен налог) од овластено лице на Јавниот партнер и истите дополнително ќе бидат утврдени во налогот за работа во зависност на обемот на работите кои треба да се изведат,
(6) Непочитувањето на роковите е основа на едностран раскин на договорот од страна на Јавниот партнер и активирање на соодветна гаранција.

X.УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Член 14

(1) Договорните страни потврдуваат дека во моментот на склучувањето на овој договор, снабдувачот со електрична енергија врши пресметка и наплата на комунална такса за јавно осветлување во корист на Општина Новаци, а ја уплаќа преку трезорскиот систем на Министерство за финансии.

(2) Договорните страни се согласни да приливот на финансиски средства по основ на комуналната такса од страна на Општина Новаци се рапределува на 4 (четири) дела:
- дел 1, финансиски средства за плаќање на фиксен месечен надоместокот за ЈПП кон приватниот партнер за период од 15 години (180 месечни надоместоци) согласно договорот за ЈПП,
- дел 2, финансиски средства за плаќање на потрошувачка на електрична енергија,
- дел 3, финансиски средства за одржување на јавното осветлување кое не е во опфатот на договорот за ЈПП,
- дел 4, финансиски средства за развој (проширување), односно изградба на нови линии (напојни водови и столбови) согласно проектна документација.

(3) Висината на распределбата на средства од комуналната такса за секој дел од страна на Општина Новаци се врши врз основа на вкупниот прилив на комунална такса, при што фиксен износ е дел 1 (надоместокот врз ознова на договорот за ЈПП), додека варијабилни износи се дел 2, дел 3 и дел 4 и зависат од оствареният приход.

(4) При изработка на годишната програма за јавно осветлување од страна на Општина Новаци во содржината на програмата се утврдени сите 4 (четири) дела од став 2 на овој член, односно посебно се утврдуваат проектите и активностите за дел 3 и 4 врз основа на износите на финансиски средства од комунална такса за јавно осветлување.

XI.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Права на Јавниот партнер
Член 15

(1) Јавниот партнер има право во секое време и за целото времетраење на овој договор за ЈПП да бара и да добие навремено, точно, квалитетно и согласно сите стандарди исполнување на обврските од страна на Приватниот партнер во согласност со овој договор и тендерската документација.

(2) Јавниот партнер има право самостојно, непречено и континуирано во секое време да врши мониторинг, надзор и инспекции на работата на приватниот партнер, а кои се однесуваат на квалитетот, роковите и исполнувањето на обврските по овој договор, а приватниот партнер е должен тоа да го овозможи без одлагање.

(3) Јавниот партнер има право во секое време да бара да му бидат доставувани податоци од Приватниот партнер за исполнувањето на овој договор.

(4) Јавниот партнер има право да добие во секое време непречен пристап до сите постројки и уреди, мерни станици, мрежа на јавно осветлување и слично заради контрола, искористување на капацитетите за други потреби, и таквиот пристап односно таквите потреби да ги остварува непречено.

(5) Јавниот партнер има право да добие најмалку 45% заштеда во потрошувачка на

електрична енергија,со инсталирање на светилките во сооднос на пресметана потрошувачка на електрична енергија на постојниот систем на улично осветлување при стандардно улично осветлување. *број на светилки x 125W просек x 4100 часа.

(6) Доколку приватниот партнер одбие да презентира податоци или на друг начин одбегнува да биде подложен на инспекција од страна на Јавниот партнер истото претставува основ за едностран раскин на договорот, со последици од таквото раскинување.

Обврски на Јавниот партнер

Член 16

(1) Јавниот партнер има обврска да обезбеди непречен пристап до сите места (локации) на кои треба да се постават/одржат ЛЕД електронските светилки, а врз кои непосредно фактичко или сопственичко владение остварува Јавниот партнер. На местата каде што Јавниот партнер не манифестира фактичко или сопственичко владение, Јавниот партнер се обврзува да посредува заради остварување на целите на овој договор.

(2) Јавниот партнер има обврска да ги издаде сите потребни одобренија, согласности, и слично доколку се исполнети законските услови за издавање на таквите одобренија односно согласности. Ова ги вклучува и сите одобренија и согласности од страна на дистрибутерот на електрична енергија за непречено извршување на работите од страна на Приватниот партнер.

(3) Јавниот партнер има обврска во законски утврдените рокови, доколку се исполнети законските услови да ги одобри сите доставени проекти и/или останати технички барања и спецификации заради добивања на соодветни одобренија/согласности доставени од Приватниот партнер.

(4) Јавниот партнер има обврска на Приватниот партнер да му плаќа редовен месечен надоместок за ЈПП на начин и постапка утврдени со овој договор за ЈПП .

(5) Јавниот партнер има обврска да врши исплатата на месечните надоместоци за ЈПП, при што нередовното исполнување на оваа обврска претставува битна повреда на овој договор и основ за едностарно раскинување на истиот од страна на Приватниот партнер по вина на Јавниот партнер.

(6) Јавниот партнер има обврска да обезбеди лице кое за работно време од 08-16 часот ќе стои на услуга на Приватниот партнер, а во врска со давање на информации односно логистика за ефективност во работењето на системот 48 часа и повикувачкиот центар.

(7) Јавниот партнер треба да изврши разгледување на доставените барања од страна на приватниот партнер и да даде одговор не подолг од 10 дена од приемот на барањето, особено кога се работи за дел на давање на налози, согласности, одобренија и друго.

Права на приватниот партнер

Член 17

(1) Приватниот партнер има право да управува со јавното осветлување, само под условите наведени во овој договор и тендерската документација.

(2) Приватниот партнер има право да ги добие сите налози, согласности и одобренија кои се потребни за да може непречено да ја обавува својата дејност односно да ги реализира правата и обврските по овој договор, доколку се исполнети сите законски услови за добивање на таквите согласности и одобренија.

(3) Приватниот партнер, без писмена согласност на јавниот партнер, не смее да го

користи системот на јавно осветлување за да врши било каква останата стопанска дејност базирана врз целиот или било кој дел на системот на јавно осветлување, ниту истиот има право да го заложува, отуѓува или на друг начин искористува за стопанска или нестопанска дејност освен за она што е наведено во овој договор, бидејќи како приоритет на договорот за ЈПП е пред се и над се е квалитетно јавно осветлување.

(4) Приватниот партнер не смее да врши други зафати на системот, освен оние што се предвидени во овој договор. Сите останати зафати кои се потребни мора да бидат изведени со претходна согласност на Јавниот партнер и врз основа на законските прописи.

(5) Приватниот партнер има право да бара од Јавниот партнер да овозможи непречен пристап до уредите и местата каде што Приватниот партнер треба да го извршува својот дел на обврските по овој договор за ЈПП.

(6) Приватниот партнер има право да бара навремено плаќање на своите побарувања од страна на Јавниот партнер, согласно условите дефинирани во овој договор за ЈПП.

Обврски на Приватниот партнер
Член 18

(1) Приватниот партнер е должен да отпочне со работа најдоцна 30 дена по склучување на договорот за ЈПП и да ги заврши предвидените работи дефинирани во предметот на ЈПП и тендерската документација врз основа на утврдениот предмет и опфат на ЈПП.

(2) Приватниот партнер е должен да воспостави систем 72 часа и call центар со телефонска линија за пријавување на дефекти за цело времетраење на договорот во период на работното време.
Приватниот партнер е должен да изврши отстранување на дефект во рок од 48 часа по пријава на граѓани или службата на Општина Новаци на начин предвиден во тендерската документација.

(3) Приватниот партнер има обврска да изготви проектна документација и динамички план за изведување на работите, а сите проектантски работи, вклучително и ревизија на проектот (доколку таква е потребна и неопходна согласно прописите) да бидат обезбедени во роковите пропишани со тендерската документација и останатите позитивни законски прописи.

(4) Приватниот партнер има обврска на свој трошок да обезбеди основен проект со ревизија од овластена проектантска фирма со која документација од страна на јавниот партнер се спроведува јавна набавка за развој (проширување) на системот на јавно осветлување кој се реализира со средства од буџетот на Јавниот партнер.По завршување на проектот за поставување на напојни водови и столбови, обврска е приватниот партнер по добиен налог да постави светилки на новите столбови и да ги преземе за одржување за период на важност на договорот за ЈПП.

(5) Приватниот партнер има обврска да обезбеди на Јавниот партнер најмалку 45% заштеда во потрошувачка на електрична енергија,со инсталирање на светилките во сооднос на пресметана потрошувачка на електрична енергија на постојниот систем на улично осветлување при стандардно улично осветлување. *број на светилки x 125W просек x 4100 часа.Приватниот партнер е должен да овозможи на Јавниот партнер пристап на сите постројки и уреди, мерни станици, мрежа на јавно осветлување и слично заради контрола, искористување на капацитетите за други потреби.

(6) Приватниот партнер е должен да обезбеди тековна ликвидност заради

обезбедување на средства за непречено одвивање на модернизацијата, проширувањето и одржувањето на системот. Доколку приватниот партнер западне во финансиска нестабилност, или поради друга причина се доведува во прашање исполнувањето на неговите обврски по овој договор, Јавниот партнер ќе определи рок не подолг од 30 дена за надминување на состојбите кои би можеле да го доведат во опасност нормалното функционирање на системот. Доколку и во овој дополнителен рок причините сеуште постојат, независно дали е тоа во целост или делумно, Јавниот партнер има право едностране да го раскине договорот или да пристапи кон примена на член 47 од овој договор.

XII.ИМОТНИ ПРАВА НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 19

(1) Целокупната инсталирана електрична и друга опрема , односно ЛЕД светилки , постројки и електрична опрема кои се предмет на ЈПП се во сопственост на приватниот партнер во времетраење на оперативниот период на важност на договорот за ЈПП.

(2) Приватниот партнер за времетраењето на овој договор не се стекнува со правото на сопственост врз било која постројка или инсталација која согласно овој договор треба да ја дизајнира односно проектира, изгради, реновира, оспособи или одржува.

(3) Приватниот партнер не се стекнува со права на интелектуална сопственост на ниту една ствар која е создадена во текот на овој договор, како резултат на потребите на Јавниот партнер. Сите права на интелектуална сопственост се на Јавниот партнер.

(4) По истекот на времетрањето на договорот, целокупната инсталирана електрична опрема и функционални светилки, опрема и мрежа за јавно осветлување ќе преминат во сопственост на Општина Новаци на начин и под услови определени во договорот за Јавно приватно партнерство.

(5) Доколку приватниот партнер одбие да пристапи кон предавање на сопственоста, односно кон склучување на друго правно дело со кое што се пренесува сопственоста, или да постапи според акт со кој тоа се регулира по истекот на овој договор, со истекот на важноста на договорот, се смета дека сопственоста останува на Јавниот партнер во целост.

(6) По истекот на времетрањето на договорот сите технички проекти, финансиски показатели, извештаи, know how, сознанија и слично кои се во врска со предметот на овој договор, а се креирани, чувани или обработувани од страна на Приватниот партнер, стануваат сопственост на Јавниот партнер.

XIII.ПОДЕЛБА НА РИЗИЦИТЕ И ПРИДРУЖНИТЕ ТРОШОЦИ

Член 20

(1) Договорните страни потврдуваат дека согласно моделот DBFOT (Дизајнирај, Изгради, Финансирај, Оперирај, Пренеси), целокупните ризици што ги опфаќа договорот за ЈПП, особено технолошкиот ризик на светилките и ормарите со опремата за управување се превземени од страна на Приватниот партнер за период од 15 години.

(2) Договорните страни се согласни дека начелно Приватниот партнер на себе го презема ризикот на неисполнувањето на своите обврски онака како што самиот се обврзал со доставената и прифатена понуда од страна на Јавниот партнер.

(3) При идентификација на кражба на електрична енергија од страна на приватниот партнер се доставува информација за локацијата, односно местото (изводот) на напојување каде се случува неовластеното приклучување на мрежата. Врз

основа на информацијата Јавниот и Приватниот партнер изработуваат записник во кој се констатира кражба на електрична енергија кој записник се потпишува и служи за водење на постапка према лицата кои го извршиле неовластеното приклучување на мрежата, при што записникот се доставува до МВР со цел да постапи согласно своите надлежности.

Ризици исклучиво преземени од страна на Приватниот партнер
Член 21

(1) Ризиците кои исклучиво се преземаат од страна на Приватниот партнер се следниве:.

- градежно технолошки ризици-како дополнителни работи кои што можат да се појават, градежни и/или монтажни,
- пречекорување на сопствено планираните трошоци,
- ризици поврзани со квалитетот,
- ризик на ликвидност,
- ризици во врска со опремата,
- ризици во врска со заштита при работа,
- ризици поврзани со работна сила,
- ризик од настапување штети на трети лица,

Приватниот партнер има обврска да предвиди и да превземе мерки и активности за надминување на последиците настанати од напред наведените ризици, при што Јавниот партнер не сноси никаква одговорност од настанатите штети.

(2) Технолошки ризик за квалитет на ЛЕД светилките во целост го презема приватниот партнер со приложување на писмена гаранција за квалитет од производителот за вкупно 60 000 работни часа

(3) Редукцијата на светлинскиот флукс на степенот на осветленост за период од 15 години кумулативно не треба да биде поголема од 30% (L80B10C1) што се утврдува на секои 3 години преку мерење и доставување на извештај од спроведеното мерење за осветленоста од страна на приватниот партнер.

(4) Приватниот партнер има обврска ризиците да ги предвидува и да ги отстранува навремено и квалитетно.

Ризици кои ги презема Јавниот партнер
Член 22

(1) Јавниот партнер на себе ги презема следниве ризици:

- Финансиски ризик, односно средства за исплата на надоместокот за ЈПП за време на траење на договорот за ЈПП,
- Ризик од зголемување на кражба на електрична енергија, која е евидентирана од страна на Приватниот партнер,
- Легислативен ризик се однесува само во рамките на она што Јавниот партнер може да одлучува врз основа на законските прописи, согласно надлежностите на Јавниот партнер.

(2) Доколку настанат околности поврзани со легислативниот ризик од претходната точка, истите нема да имаат за последица раскинување на договорот.

Споделени ризици

Член 23

(1) Договорните страни се согласни дека следниве ризици ќе бидат споделени помеѓу нив, а тоа се:
- Ризик од оштетување на светилки и опрема од виша сила (невреме и слично) и од вандализам (несовесно однесување на граѓани),
- Валутен ризик, и
- Ризик на инфлација.

(2) Ништо во овој член не го обврзува Јавниот партнер да гарантира дека овие ризици нема да настапат, или дека превзема на себе обврска истите да ги спречува со активни мерки, освен обврската во член 33 став 9.

Придружни трошоци

Член 24

(1) Сите придружни трошоци кои во текот на траењето на овој договор ќе настанат во врска со реализацијата на договорот за ЈПП се исклучиво обврска и паѓаат на товар на Приватниот партнер.

(2) Во случај на настанување на штети настанати врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 договорните страни се согласни да од страна на приватниот партнер се санира настанатата штета во рок од 30 дена, при што заедно со Јавниот партнер се подготвува документација за водење на постапка против трето лице причинител на штета за надомест на штетата.

(3) Јавниот партнер се обврзува на Приватниот партнер да му ја плати штетата опишана во став 2 од овој член, врз основа на доставена фактура и предмер пресметка (по пазарни цени) по претходно прифаќање од јавниот партнер, а истовремено го задржува правото за поднесување на тужба за регресно побарување од трети лица.

XIV.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 25

(1) Заради остварување на обврските по овој договор, Приватниот партнер е должен да достави банкарска гаранција, согласно условите кои се дадени во тендерската документација. Поради долгорочноста и природата на проектот се предвидуваат два типа на банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и гаранција за квалитетно одржување

(2) Гаранција за навремена и квалитетна испорака и инсталација на новите ЛЕД светилки и електричната опрема е во висина од 10% од вредноста на договорот за ЈПП со пресметан ДДВ.

(3) Започнувајќи од датумот на техничкиот прием на системот за јавно осветлување (светилки, ормари и друга електрична опрема) не повеќе од 12 месеци од потпишување на договорот потребно е да се достави дополнителна гаранција за квалитетно одржување во висина од 3 (три) месечни надоместоци со обновување на секоја година, а во траење од 15 години.

(4) Приватниот партнер треба да достави безусловна, неотповиклива и на прв повик наплатлива од страна на Јавниот партнер Гаранција за квалитетна испорака и инсталација на новите светилки и Гаранција за квалитетно одржување, издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или од странска банка со најмалку „ББББ" долгорочен кредитен рејтинг според Moody's investors service, Standards and Poors или Fetch за последната година, или еквивалентно на тој рејтинг.

(5) Гаранцијата за квалитетна испорака и инсталација на новите ЛЕД светилки, електрична и ИТ опрема и му се враќа на приватниот партнер во рок од 14 дена од денот на завршување на работите согласно договорт за ЈПП, односно извршениот технички прием кој според условите за динамика треба да се изврши во период од 12 месеци од добивање на налог за работа од јавниот партнер.
(6) Гаранцијата за квалитетно одржување му се враќа на приватниот партнер во рок од 14 дена од денот на завршување на договорот за ЈПП.
(7) Приватниот партнер треба да ги достави оригиналните гаранции за квалитетна испорака и инсталација на новите светилки и за одржување во моментот на потпишувањето на овој договор за ЈПП.
(8) Обновувањето на гаранциите да се врши во рок од 15 дена пред истекот на постојната гаранција. Доколку Приватниот партнер не го почитува рокот за доставување на банкарските гаранции, Јавниот партнер може едностранo да го раскине договорот.

Член 26

Ако од вредноста на постојните гаранции не може да биде наплатена настанатата штетата , Јавниот партнер го задржува правото да бара дополнителен надомест на штета.

Активирање на банкарската гаранција за навремена и квалитетна испорака и инсталацијата на новите светилки

Член 27

(1) Гаранцијата за квалитетна испорака и инсталација на ЛЕД светилки и електрична опрема се активира од страна на Јавниот партнер ако:

- приватниот партнер не се придржува кон исполнување на обврските од договорот кои се однесуваат на испорака и инсталација на новите ЛЕД светилки, односно модернизацијата на системот за улично осветлување во утврдените рокови или во дополнително дадените рокови од страна на јавнот партнер или обврските ги изведува спротивно од договореното или истото го извршува со квалитет кој не соодветствува на дадената понуда и останатите технички услови.
- приватниот партнер изврши односно превземе дејствија, активности, изврши инвестиции, тековни или капитални и/или изврши било каква промена без согласност од Јавниот партнер во периодот од реализација на договорот кој се однесува на модернизација на системот.

(2) Гаранцијата за квалитетно одржување се активира од страна на Јавниот партнер ако:

- приватниот партнер не се придржува кон исполнување на обврските од договорот кои се однесуваат на одржувањето на системот за улично осветлување во утврдените рокови или во дополнително дадените рокови од страна на јавнот партнер или обврските ги изведува спротивно од договореното или истото го извршува со квалитет кој не соодветствува на дадената понуда и останатите технички услови.
- приватниот партнер изврши односно превземе дејствија, активности, изврши инвестиции, тековни или капитални и/или изврши било каква промена без согласност од Јавниот партнер во периодот на одржување на системот.

(3) Јавниот партнер пред да пристапи кон активирање на било која од наведените гаранции ќе определи примерен рок не подолг од 30 дена во кој рок приватниот партнер ќе ги исполни односно усогласи барањата согласно овој договор и техничката документација.
(4) По истекот на овој рок, доколку Приватниот партнер не постапил според

забелешките на Јавниот партнер, Гаранцијата се активира, а договорот се раскинува со сите правни последици.

(5) Доколку забелешките, односно причините за активирање на гаранцијата се однесуваат на фазата од проектот за замена на ЛЕД светилките, во тој случај се активира Гаранцијата за квалитетна испорака и инсталација (модернизација).

(6) Доколку забелешките, односно причините за активирање на гаранцијата се однесуваат на фазата од проектот по извршена замена на ЛЕД светилките (модернизација), односно во фазата на одржување, во тој случај се активира Гаранцијата за квалитетно одржување.

XV.НАЧИН НА ПЛАЌАЊА НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 28

(1) Начинот на исплата на надоместокот од страна на Јавниот партнер се врши преку доставување на фактура и месечен извештај од страна на Приватниот партнер.

(2) Месечните надоместоци за ЈПП ќе се исплаќаат секој месец најдоцна до 30-ти во месецот, по доставена фактура од Приватниот партнер која истиот се обврзува да ја доставува до 5-ти за секој претходен месец. Исплатата на надоместокот од страна на јавниот сектор ќе се врши најкасно за 10 дена од датумот на приливот на средства од комунална такса за улично осветлување за претходниот месец. Исплатата се врши врз основа на вложените средства за реализација на предметот на ЈПП, како надоместок за секој месец за време на траење на договорот во висина на вредноста на овој договор односно постигнат со електронска аукција под условите во овој договор.

(3) Приватниот партнер нема право на други плаќања односно надоместоци од страна на Јавниот партнер, освен она што е предвидено со овој договор.

(4) Доколку дојде до промена на односот денар/евро поголемо од +/- 5% споредено со истиот однос на денот на потпишување на договорот ќе се изврши соодветна промена на месечниот надомест односно на преостанатата вредност на договорот.

(5) Данокот на додадена вредностод страна на Приватниот партнер ќе се прикажува одделно во фактурата со што се пренесува како обврска на Јавниот партнер да го плаќа према државата.

(6) Корекција на цените на предметот на договорот за воспоставување ЈПП (односно вредноста на утврдениот процент од комуналната такса) не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот со исклучок на став 4 од овој член.

(7) За извршување на договорот за воспоставување јавно приватно партнерство не е дозволено ниту е предвидено авансно плаќање.

Заштеда на електрична енергија
Член 29

(1) По модернизацијата на системот на јавно осветлување односно по замената на постоечките 1.083 светилки со ЛЕД енергетски ефикасни светилки на нови држачи и друга електрична опрема и материјали за функционирање на системот со потребното ниво на осветленост опишана во техничката спецификација која е составен дел на овој договор, ќе се изврши мерење на заштедата на електрична енергија од страна на Јавниот партнер, а со цел да се види дали е постигнат бараниот процент на заштеда.

(2) Приватниот партнер му гарантира на Јавниот партнер најмалку 45% заштеда во потрошувачка на електрична енергија,со инсталирање на светилките во сооднос на пресметана потрошувачка на електрична енергија на постојниот систем на улично осветлување при стандардно улично осветлување. *број на светилки x 125W просек x 4100 часа.Обврската за верификација на заштедите искажана преку инсталираната моќност и мерењата ќе се врши врз основа на мерења на потрошувачка на енергија и инсталирана моќност е на приватниот партнер. За таа цел, Јавниот партнер може да бара стручна помош и од трети лица,а Приватниот партнер е должен на Јавниот партнер или лица кои тој ќе ги определи да дозволи пристап до целиот систем на јавно осветлување.

XVI. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈПП

Член 30

(1) Јавниот и Приватниот партнер се согласни по потреба да одржуваат периодични заеднички состаноци, од страна на нивните раководства, со цел да се контролираат активностите по овој договор, остварувањето на правата и обврските, како и да се контролира работата на целокупниот систем за јавно осветлување, за што се изготвува записник од состанокот.

(2) На повик на Јавниот партнер, Приватниот партнер е должен да соработува и да ги направи достапни сите информации и параметри, како и пристап до целата мрежа на јавно осветлување.

(3) Јавниот партнер има право да врши постојан и редовен надзор на спроведувањето и реализацијата на доделениот договор за јавно приватно партнерство, како и надзор од надворешни стручни лица на почитувањето на оврските од страна на Приватниот партнер согласно со законот и предметниот договор, при што Градоначалникот на општина Новаци формира постојана Комисија која ќе врши надзор на договорот за ЈПП согласно член 31 став 1 од овој договор за ЈПП.

(4) Јавниот партнер во вршењето на надзорот има право од Приватниот партнер, да бара појаснувања, објаснувања и податоци за текот на изведувањето на работите по основ на овој договор, а Приватниот партнер е должен тоа да го овозможи без одлагање.

(5) Исто така, Приватниот партнер во вршењето на надзор има право од Јавниот партнер, да бара појаснувања, објаснувања и податоци за текот на изведувањето на работите по основ на овој договор, а Јавниот партнер е должен тоа да го овозможи.

Комисија за следење и верификација на исполнувањето на договорот
Член 31

(1) Исполнувањата на условите за квалитет (заштеда на електрична енергија, квалитет на изведба, рокови и слично) согласно овој договор го врши Комисија формирана од Градоначалникот на општина Новаци од 3 (три) членови и нивни заменици, од кои 2 (два) од општина Новаци, 1 (еден) од приватниот партнер.

(2) Комисијата ќе биде формирана во рок од 10 дена од денот на потпишување на договорот за ЈПП.

(3) Комисијата задолжително спроведува контрола на спроведувањето на договорот за ЈПП, го анализира квалитетот, ги следи роковите, модалитетите и слично, и доставува годишен извештај до Градоначалникот и Советот на општина Новаци. По усвојување, извештајот се доставува до Приватниот партнер секоја година до крај на месец февруари за претходната година.

(4) Комисијата по истекот на 15 години изработува Конечен извештај на база на податоци од годишните извештаи и го доставува до Градоначалникот и Советот на општина Новаци.

(5) Јавниот партнер не е ограничен да може во секое време да дава насоки, препораки и да насочува барања кон Приватниот партнер во врска со остварувањето на предметот и целта на овој договор за ЈПП.

XVII. ВИША СИЛА

Член 32

(1) Виша сила се однесува на било кој настан кој е надвор од разумна контрола на Јавниот партнер или на Приватниот партнер и случувањето на тој настан не можело разумно да се предвиди на денот на склучувањето на овој договор, вклучувајќи ги тука, но не ограничувајќи се само на: војни, било да се објавени или не, немири, судири, вооружен конфликт, терористички чин, радијација, биолошка или хемиска контаминација, јонизирачко зрачење, експлозија, оган, епидемија, лизгање на земјиште, удар од гром, земјотрес или било која друга природна непогода од било каков вид, и било кој друг сличен настан.

(2) По случувањето на вишата сила, сите тековни и крајни рокови кои мора да се исполнат односно испочитуваат согласно овој договор, а кои реално не е можно да бидат исполнети поради вишата сила, ќе бидат продолжени со взаемна согласност на договорните страни за временски период кој е еднаков на времетраењето на вишата сила.

(3) Договорната страна која се повикува на виша сила како изговор да не стори нешто според договорот, мора да докаже дека ги презела сите разумни мерки да го минимизира одлагањето или штетите кои се случиле поради настани кои можеле да се предвидат.

(4) Вишата сила не ги ослободува договорните страни да вршат предвидувања на сите настани кои однапред мора и може да ги предвидат во рамките на нормалниот и вообичаен тек на работите.

(5) Договорните страни се должни да пристапат кон усогласување на причините, роковите и околностите во и во врска со вишата сила, во рок од 7 дена по завршувањето на околностите кои се сметаат за виша сила.

XVIII. ДОПОЛНИТЕЛНИ НАСТАНИ КОИ МОЖАТ ДА ПРЕДИЗВИКААТ ШТЕТА И НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ ВО СЛУЧАЈ НА НИВНО НАСТАНУВАЊЕ

Член 33

(1) Настани кои може да предизвикаат штета се сите појави и настани, дејствија и пропуштања на било која договорна страна, како и штета направена на елементи од системот од страна на трети лица која договорните страни не може да ја предвидат или спречат.

(2) Приватниот партнер при исполнувањето на своите обврски односно остварувањето на своите права е должен да се воздржи од сите дејствија со кои може да настапи штета, а воедно е должен да ги преземе сите мерки за таквите штети да се избегнат и/или намалат, било тоа да е со свое дејствие или пропуштања.

(3) Приватниот партнер е должен во извршувањето на својата обврска да постапува со внимание на добар стопанственик, односно внимание на добар домаќин.

(4) Приватниот партнер е воедно должен во извршувањето на обврската да постапува со зголемено внимание, според правилата на струката и обичаите, внимание на добар стручњак, а согласно предметот и целта на овој договор.

(5) Приватниот партнер е должен во остварувањето на своето право да се воздржи од постапка со која би се отежнало извршувањето на обврската на Јавниот партнер.

(6) Приватниот партнер, со оглед на фактот што при остварувањето на своите права и обврски по овој договор непосредно задоволува потреби на граѓани и правни лица односно јавен интерес (јавно осветлување), должен е остварувањето на своите права и обврски да ги уредува односно извршува на начин со кој се обезбедува почитување на основните права на граѓаните, потрошувачите и корисниците на услуги утврдени со законските прописи во Република Северна Македонија.

(7) Приватниот партнер е исклучиво одговорен за штети предизвикани на трети лица, и со овој договор Приватниот партнер го ослободува Јавниот партнер од штетите кои настанале во врска со остварувањето на правата и обврските од овој договор, а се однесуваат на приватниот партнер, односно предметот и целта на овој договор.

(8) Секој износ на име надомест на штета кој е платен на трето лице од страна на Јавниот партнер за штета и било кој друг основ, која е предизвикана од страна на системот на јавно осветлување кон трето лице, или Приватниот партнер, Јавниот партнер има право да го побарува од Приватниот партнер и Приватниот партнер е должен да го плати на Јавниот партнер односно надомести.

(9) Во случај на оштетувања на системот направени од страна на трети лица (оштетување на столб, кражба, оштетување на ормари, водови или слично, како и евентуално т.н. хулиганство) која е настаната не по вина на Приватниот партнер, обврската за санирање и покривање на штетата ја презема Јавниот партнер. Во ваков случај, Приватниот партнер треба да го извести Јавниот партнер и да обезбеди техничка подршка и насоки за санирање на штетите од овој тип.

XIX. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 34

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство може да престане да важи од следните причини:

- Спогодбено раскинување на договорот;
- Едностран раскин на договорот за јавно приватно партнерство од страна на Јавниот партнер;
- Едностран раскин на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство од страна на Приватниот партнер;
- Стечај или ликвидација на приватниот партнер;
- Други случаи предвидени со закон и договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Член 35

Спогодбено раскинување на договорот

(1) Договорните страни можат спогодбено да одлучат за престанокот на важноста на договорот, односно договорот може да биде раскинат со взаемна согласност на двете договорни страни независно од степенот на реализација на истиот и во тој случај писмено да ги регулираат сите услови и последици од раскинувањето, како и начинот на решавање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од договорот.

(2) Само писмена спогодба за раскинување на договорот предизвикува правно дејство.

(3) Спогодбеното раскинување на договорот не го ослободува Приватниот партнер од надомест на штета, доколку таква причинил, а бил должен таа да ја предвиди, спречи и/или намали.

Едностран раскин на договорот за воспоставување на ЈПП од страна на Јавниот партнер

Член 36

(1) Во случај на битна повреда на обврските од Приватниот партнер предвидени во договорот , Јавниот партнер може едностранo да го раскине договорот согласно со одредбите на овој член и останатите одредби во овој договор.

(2) Едностраниот раскин на договорот од ставот 1 на овој член особено може да настане кога:

- Активностите односно дејноста пренесена со договорот се врши на несоодветен или неквалитетен начин, имајќи ги предвид правилата, параметрите и други услови со кои е утврдено соодветно вршење на активностите односно дејноста утврдена со договорот
- Приватниот партнер на друг начин извршил битна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат врз договорот,
- Приватниот партнер го прекинал или предизвикал прекин на вршењето на дејноста односно активностите,
- Приватниот партнер ги загубил економските, техничките или оперативните способности потребни за вршење на дејноста согласно со посебен закон и договорот или настапила неликвидност која може да се одрази врз исполнувањето на обврските по договорот,
- Приватниот партнер ги загубил техничките и личните способности за извршување на договорот,
- Приватниот партнер добил забрана за вршење на дејност или му е изречена санкција која што е во врска со неговиот домен на работа, а може да влијае врз исполнувањето на обврските по овој договор,
- Приватниот партнер не соработува во делот на надзорот, не учествува на заедничките состаноци предвидени со овој договор, или на друг начин не придонесува кон остварувањето на целта на овој договор,
- Едностраниот раскин се врши со одлука на Јавниот партнер во која се наведуваат причините заради кои се раскинува договорот и правата на Приватниот партнер по донесената одлука,
- Јавниот партнер е должен, во рок од 30 дена пред донесувањето на одлуката за раскин на договорот, писмено да го извести Приватниот партнер за повредите и да го повика да ги исправи пропустите во однесувањето за да се обезбеди почитување на договорот во рокот утврден со известувањето,
- Рокот мора да биде доволен за да му овозможи на приватниот партнер да постапи по известувањето, но не подолг од 60 дена,
- Приватниот партнер не ја заврши проектната документација во определениот рок со овој договор,
- Приватниот партнер не ги изврши договорените работи во предвидениот рок со овој договор,
- Приватниот партнер не ги исполнува обврските од овој договор, како по однос на пропишаниот квалитет, така и по однос на квантитетот или динамиката,
- Над Приватниот партнер е отворена постапка за стечај или ликвидација,

(3) Приватниот партнер не постапил по изречените мерки во постапката на надзор спроведена согласно со посебен закон или не постапува по одлуки, укажувања или мерки изречени од надлежен орган (суд, инспекциски органи,вклучително и

Јавниот партнер) кои ги изрекуваат односно определуваат во постапки предвидени со закон или друг акт, а кои може да го доведат во прашање предметот и целта на овој договор.

(4) Во одредени случаи кои се специфични, а се примеливи и предвидени се користи Законот за облигациски односи.

Едностран раскин на договорот за воспоставување на ЈПП од страна на Приватниот партнер

Член 37

(1) Во случај на битна повреда на обврските на Јавниот партнер предвидени во договорот, Приватниот партнер може едностранo да го раскине договорот согласно со одредбите на овој член.

Едностраниот раскин на договорот од ставот 1 на овој член настанува кога:

- Јавниот партнер не ги извршува обврските кои произлегуваат од договорот,
- Јавниот партнер на друг начин извршил битна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат врз договорот,
- Нередовното исполнување на обврската за редовно плаќање на месечните надоместоци претставува битна повреда на договорот и основа за едностранo раскинување на договорот од страна на Приватниот партнер,
- Приватниот партнер е должен, во рок предвиден во договорот, пред едностраниот раскин на договорот, а најмалку во рок од 30 дена писмено да го извести Јавниот партнер за повредите од ставот 2 на овој член и да го повика да ги исправи пропустите за да обезбеди почитување на договорот во рокот утврден со известувањето. Рокот во секој случај мора да биде доволен за да ги земе во предвид објективните околности на Јавниот партнер како единица на локална самоуправа, но не подолг од 60 дена.

(2) По истекот на рокот, доколку Јавниот партнер не ги отстранил утврдените повреди, договорот ќе се смета за раскинат.

(3) Доколку договорот се раскине едностранo од страна на Приватниот партнер поради непочитување на обврските на Јавниот партнер дефинирани со овој договор, Приватниот партнер има право на наплата на штета која ќе биде утврдена од страна на овластен проценител кој ќе добие овластување од двете договорни страни.

Стечај и ликвидација на приватниот партнер

Член 38

Договорот за ЈПП се смета за раскинат по вина на приватниот партнер и во случај на поведување на стечајна или ликвидациона постапка над приватниот партнер во текот на реализациајата на договорот за ЈПП.

Последици од престанок на договорот

Член 39

(1) Во случај на престанок на овој договор по основ на негово раскинување или поништување на договорот, или негов престанок по било кој основ Приватниот партнер без одлагање ќе ги напушти сите локации на кои треба да ги остварува своите права односно извршува своите обврски и со записник ќе му ги предаде во сопственост и владение сите предмети и ствари кои ќе се затекнат на секоја индивидуална локација.

(2) Во случај Приватниот партнер да се противи на напуштање на локацијата, или предавањето на владението односно сопственоста, Јавниот партнер има право

присилно да го отстрани и да воспостави фактичко владение односно да оствари право на сопственост и владение врз сите предмети и ствари односно соодветни локации.

(3) Ништо во овој член и договор не го спречува Јавниот партнер во било кое време да иницира постапки пред надлежните органи заради заштита на своите права, особено сопственичките односно владетелските во било кое време и без обврска да го извести приватниот партнер.

(4) Во случај на едностранo раскинување на овој договор од страна на Јавниот партнер, за кое раскинување нема оправдана причина, односно истото е направено спротивно на начинот кој е определен во овој договор или со законските прописи, Приватниот партнер има право да бара заштита на своите права пред надлежен суд, или определен орган или тело определено со овој договор согласно сите основи кои се пропишани во законските прописи, поточно во Законот за облигационите односи на Република Северна Македонија.

(5) Во случај на едностранo раскинување на овој договор од страна на Јавниот партнер, за кое раскинување нема оправдана причина, односно истото е направено спротивно на она што е определено во овој договор или со законските прописи, Приватниот партнер нема понатамошна обврска да ги исполнува правата и обврските по овој договор, освен во делот на она што го примил и за кое мора да изврши исполнување, врзани со рок или по друг основ и освен во делот да спречи настапување на штета или нејзино намалување.

(6) Со денот на престанокот на овој договор, Приватниот партнер е должен да ги достави до Јавниот партнер сите информации со кои дотогаш се стекнал, ги креирал, како технички проекти, финансиски показатели, извештаи, Know-how, сознанија и слично, а се во врска со предметот и целта на овој договор, како исклучива сопственост на Јавниот партнер.

(7) Престанокот на договорот од било која причина предизвикува настапување и на останати правни последици предвидени со овој договор и Законските прописи.

XX.ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 40

(1) Доколку не се почитува рокот за плаќање на фактурата согласно член 28 став 2 , Приватниот партнер пресметува 0,01 % камата за секој задоцнет ден за што доставува каматна листа до Јавниот партнер.

(2) Доколку од страна на Приватниот партнер не се почитува рокот на отстранување на дефект кој е во опфатот на предметот на договорот за ЈПП, а кој е утврден во Налогот за работа кој го изработува Јавниот партнер на база на теренски увид со усогласеност и од Јавниот и Приватниот партнер со потпишување на Налогот, тогаш Јавниот партнер, за секој задоцнет ден, му пресметува 0,01% од вредноста на месечниот надоместок за ЈПП и истиот износ го намалува од месечниот надоместок.

XXI.ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 41

Во исполнувањето на своите обврски и во остварувањето на правата по овој договор, Приватниот партнер е должен да ги имплементира и да се придржува до сите пропишани стандарди за заштита на животната средина утврдени во тендерската документација и да биде во согласност со позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

XXII.ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊА (КОРЕСПОНДЕНЦИЈА ПОМЕЃУ ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ)

Член 42

(1) Кореспонденцијата која ќе се води помеѓу договорните страни задолжително ќе се води во писмена форма. За итни и неодложни работи, кореспонденцијата ќе биде валидна и преку електронска пошта, која што кореспонденција задолжително ќе биде пропратена и во писмена форма.
(2) Кореспонденцијата ќе се води на адреси кои се наведени во тендерската документација и понудата . Секоја договорна страна ја презема на себе обврската и ризикот од неажурираност на податоците, а воедно во моментот на склучување на овој договор потврдува дека податоците за кореспонденција се оние адреси кои се наведени во тендерската документација и понудата и дека на тие адреси ќе се води официјалната кореспонденција.
(3) Работниот налог минимум содржи основни елементи за типот на дефект со опис, согласно елементите предвидени во образецот за работен налог од тендерската документација.

XXIV.ЗАШТИТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, ДЕЛОВНИ ТАЈНИ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Член 43

(1) Сите иновации, рационализации, know-how, како и добри деловни практики, приватниот партнер за целото времетраење на договорот ќе ги споделува односно прави достапни на Јавниот партнер, како дел на предметот и целта на овој договор.
(2) Секоја договорна страна е должна да ја почитува интелектуалната сопственост, деловните тајни и да осигура заштита на податоците на другата договорна страна.
(3) Приватниот партнер со особено внимание ќе се однесува кон податоците до кои дошол во врска со реализација на овој договор, а произлегуваат од Јавниот партнер , му се доставени или на друг начин станале достапни, во спротивно ќе биде услов за раскинување на овој договор со сите правни последици од раскинувањето.
(4) Приватниот партнер е должен да достави до Јавниот партнер список на сите информации кои се интелектуална сопственост, деловна тајна со цел целосно почитување на правото на интелектуална сопственост .

XXV.СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

Член 44

(1) Јавната услуга која што се дава согласно овој договор, ќе биде согласно пропишаните стандарди со тендерската документација и понудата на Приватниот партнер, прифатена како најповолна со Одлука на Советот на општина Новаци бр

(2) Доколку настанат промени во стандардите кои се применуваат во текот на извршување на договорот, а се прифатени од националното законодавство, Јавниот партнер, има право да бара примена на истите, а приватниот партнер е должен да ги примени истите и да ги усогласи со начинот на кој ќе се врши јавната услуга т.е. јавно осветлување

(3) Покрај тоа, јавните услуги мора да бидат континуирани, без прекини, квалитетно, во рамките на пропишаниот начин, со почитување на стандардите за заштита на животната средина, правата на потрошувачите односно граѓаните и правните лица корисници на јавната услуга и врз основа на начелото за остварување и заштита на јавниот интерес.

(4) Во секој момент, јавната услуга - јавно осветлување по воспоставување на системот, независно во која фаза е модернизацијата односно проширувањето согласно динамиката на изведба предвидена во овој договор мора да функционира со полн капацитет, односно сите дефекти да бидат отстранувани не подолго од 48 часа согласно условите за функционирање на call центарот утврдени во тендерската документација, заради обезбедување на функционалност и гарантирана заштеда на електрична енергија

XXVI.АНГАЖИРАЊЕ НА ПОДИЗВЕДУВАЧИ

Член 45

(1) Ангажирањето на подизведувачи од страна на приватниот партнер се врши врз основа на условите дефинирани во тендерската документација и законската регулатива.

(2) Доколку приватниот партнер има потреба од ангажирање на подизведувач за истиот претходно треба да добие писмена согласност од овластеното лице на Јавниот партнер.

XXVII.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ И ВАЖЕЧКО ПРАВО

Член 46

(1) Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, Јавниот и Приватниот партнер ги решаваат најпрво спогодбено, во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

(2) Секоја договорна страна која смета дека постои спор за определено прашање по овој договор, е должна другата страна да ја повика во писмена форма во рок не подолг од 10 дена за да пристапи кон разговори за спогодбено решавање на спорот.

(3) Доколку настанатите спорови не се решат спогодбено, секоја договорна страна има право да бара судска заштита пред Основен суд 2 Новаци, согласно позитивната законска регулатива, односно врз основа на овој договор и правата и обврските на договорните страни, се применуваат прописите на Република Северна Македонија.

(4) За се што не е уредено со договорот, ќе се применуваат одредбите од Законот

за концесии и јавно приватно партнерство, Законот за облигациони односи, Законот за сопственосно правни односи како и други закони и подзаконски акти кои се во важност поврзани со предметот на договорот.

XXVIII.ПРЕНОСЛИВОСТ НА ДОГОВОРОТ НА ДРУГ ПРИВАТЕН ПАРТНЕР

Член 47

(1) Договорот, како и сите права и обврски предвидени во него, може да се пренесе на трето лице по претходна писмена согласност на Јавниот партнер, без да се нарушува времетраењето на Договорот за ЈПП, под услов:

-Да не се загрозува континуитетот и квалитетот на вршење на јавни услуги, што е предмет на Договорот за ЈПП,

-Третото лице да ги исполнува условите во однос на личната состојба и економско-финасиската состојба, кои ги исполнувал Приватниот партнер при учество на јавниот повик за доделување на договорот за ЈПП,

-Изјава од третото лице дека во целост го презема Договорот за ЈПП,

- Договор склучен помеѓу приватниот партнер и третото лице за исполнување на обврските предвидени во договорот за ЈПП

-Третото лице да прифати да ги обезбеди гаранциите, како и преземање на ризиците кои се предвидени во Договорот за ЈПП .

(2) Пренесувањето на Договорот за ЈПП на трето лице се врши исклучиво со потпишување на посебен Договор за пренос на Договорот за ЈПП, заверен кај надлежен нотар, врз основа на Законот за концесии и јавно приватно партнерство и врз основа на позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

XXX.I. ИЗВРШНА КЛАУЗУЛА

Член 48

(1) Договорните страни изјавуваат дека се согласни Договорот да има сила на извршна исправа, доколку Приватниот партнер не ги исполни сите или дел од своите обврски во предвидениот рок спрема Јавниот партнер или настанале по целосната наплата или истекот на гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот или гаранцијата за одржување во оперативниот период.

(2) Во случаите од став 1 на овој член, Јавниот партнер спроведува присилна наплата преку извршител.

(3) Договорните страни изричито изјавуваат дека се согласни да може непосредно врз основа на договорот да се спроведе присилно извршување врз целокуниот нивни имот преку надлежен извршител заради остварување на нивните побарувања произлезени од истиот договор, доколку не ги исполнат целосно своите обврски преземени со договорот, во рамките и под условите определени во договорот.

(4) Приватниот партнер изричито изјавува и нема да се противи нотарот да стави клаузула за извршност на Договорот врз основа на едностарна изјава на една од договорните страни дека неговото побарување е пристигнато за наплата.

XXX.II. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ДОГОВОРОТ

Член 49

(1) Договор влегува во сила на денот на негово потпишување од двете договорни страни, доставување на важечки банкарски гаранции и солемнизација пред надлежен Нотар.

(2) Доставувањето на гаранциите претставува услов за влегување во сила на овој договор. Доколку истите не бидат доставени до моментот на потпишувањето на овој договор, Јавниот партнер нема обврска истиот да го потпише.

XXX.III. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 50

(1) Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено. Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма. Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на анекс на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор врз основа на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

(2) Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма, се потпишани од двете договорни страни и се во согласност со условите во тендерската документација и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

(3) Секоја измена на овој договор, треба да биде одобрена и од Советот на Општина Новаци, како Јавен партнер во форма на акт кој го донесува Советот согласно актите на Јавниот партнер.

(4) Измените на договорот мора да бидат во согласност со Законот за концесии и јавно приватно партнерство и останатите законски прописи.

(5) Договорот е составен во шест (6) еднообразни примероци, од кои по три (3) за секоја договорна стран

XXX.III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 51

Договорот е склучен на македонски јазик и неговото кирилско писмо

Член 52

Во прилог на овој договор за ЈПП како негов составен дел се следните додатоци:

- Додаток 1: Тендерска документација;
- Додаток 2: Стандарди за квалитетот на јавната услуга;
- Додаток 3: Матрица за поделба на ризикот;
- Додаток 4: Понуда на избраниот понудувач;
- Додаток 5: Одлука за изборот на најповолна понуда;
- Додаток 6: ДРД Образец од трговски регистар;
- Додаток 7: Одлука од основачите за согласност за потпишување на договорот;
- Додаток 8: Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот;
- Додаток 9: Гаранција за одржување во оперативниот период;

Јавен партнер :
Општина Новаци
Градоначалник

Љубе Кузманоски

Република Македонија Општина Новаци

Приватен парттнер :
Џемдаг Ајдинлатма Санаи
Ве Тиџарет Аноним Ширкети АД Измир Турција
Одговорно лице :
Ибрахим Суха Џем

CEMDAĞ AYDINLATMA
SAN. ve TİC. A.Ş.
Atatürk Organize Sanayi Bölgesi
10007 Sokak No:4 Çiğli - İZMİR
Tel: 328 01 41 Fax: 328 01 40
Çiğli V.D. 205 040 7561

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување План на Програми за развој.

2.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за одбележување на Новата 2020 година, божиќните празници и богојавление-водици

3.Заклучок за објавување Измена на Програма за изградба и одржување на локалните патишта и улици во општина Новаци за 2019 година

4.Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Злате Стојановски с.Бач

5.Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Панде Тошевски с.Новаци

6.Заклучок за објавување Одлука за одобрување набавка на градежни матерјали за потребите на Црковен одбор на с.Градешница за манастирот Св.Архангел Михаил мв Церова

7.Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Душан Стојановски с.Далбеговци

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на садници за пошумување во селата во општина Новаци

9.Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Сашо Николовски с.Новаци

10.Заклучок за објавување Одлука за не усвојување на предлогот на Комисија за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци и отпочнување на нова постапка за утврдување на грбот и знамето на општина Новаци

11.Заклучок за објавување Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** -2019

12.Заклучок за објавување Измена на Годишниот план за јавни набавки на општина Новаци 2019 година **НОЕМВРИ** -2019

13.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства (спонзорство) на Карате Клуб ,,ЗАНШИН ДОО,,Битола

-Договор за воспоставување на јавно приватно парнерство за модернизација на системот за јавно осветлување, преку финансирање, реконструкција, управување, одржување и развој на јавното осветлување во општина Новаци

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци